
ГОДИШЕН
ИЗВЕШТАЈ
„За војвода Тука што остави сајгата,
За чета што Тука во часови жешки,
Бој водеше страшен за слобода драга.“
О.О.У
ДАМЕ ГРУЕВ
ГРАДСКО
ОПШТИНА ГРАДСКО
ООУ
ДАМЕ ГРУЕВ
ГРАДСКО
ООУ „Даме Груев“ - Градско
за учебната 2025/26 год.

# Вовед

Годишниот извештај за реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година е изготвен во согласност со законските и подзаконските прописи што ја регулираат воспитно-образовната дејност, а особено со одредбите од Законот за основното образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, Стратегијата за образование 2018–2025, Концепцијата за деветгодишното основно воспитание и образование, наставните планови и програми, како и со подзаконските и интерните акти на училиштето (Статутот, Деловникот за работа на Наставничкиот совет, Деловникот за работа на Советот на родители, Деловникот за работа на Училишниот одбор и други акти).

Извештајот ја прикажува реализацијата на планираните наставни содржини согласно Наставниот план и програмите за соодветните одделенија, како и севкупната воспитно-образовна работа и активностите реализирани во училиштето во текот на учебната 2025/2026 година.

Годишниот извештај за работата на училиштето беше разгледан и усвоен од страна на Наставничкиот совет на седницата одржана на 31.08.2026 година.

# Општи податоци за основното училиште

## *1.1 Табела со општи податоци*

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Даме Груев“ |
| **Адреса, општина, место** | Ул. Маршал Тито бр. 68 1420 Општина Градско |
| **Телефон** | +38943251-023 |
| **Фах** | +38943251-023 |
| **Веб-страна** | www.damegruevgradsko.mk |
| **Е-маил** | damegruevgradsko@yahoo.com |
| **Основано од** | Собрание на општина на Титов Велес под број 05-13173/19 од 24.12.1965 год |
| **Верификација- број на актот** | 10-815/3 од 1994 година |
| **Година на изградба** | 3града 1- 1973, зграда 2и 3- 1956 година |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Внатрешна површена на училиштето m²** | 942 $m^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 1250 $m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 850 + 620= 1470 $m^2$ |
| **Начин на загревање на училиштето** | Нафта, пелети |
| **Училиштето работи во смени** | Да |
| **Број на паралелки** | 24 |
| **Број на комбинирани паралелки** | / |
| **Јазик на кој се реализира наставата** | Македонски јазик и Албански јазик |

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Даме Груев“ |
| **ПОУ с.Вининчани** | |
| **Адреса, општина, место** | 1420 Општина Градско |
| **Телефон** | +38943251-023 |
| **Фах** | +38943251-023 |
| **Веб-страна** | www.damegruevgradsko.mk |
| **Е-маил** | damegruevgradsko@yahoo.com |
| **Основано од** | Собрание на општина на Титов Велес под број 05-13173/19 од 24.12.1965 год |
| **Верификација- број на актот** | 10-815/3 од 1994 година |
| **Година на изградба** | непозната |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Внатрешна површена на училиштето m²** | 140 $m^2$ |
| **Површина на училшниот двор** | 1500 $m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 400$m^2$ |
| **Начин на загревање на училиштето** | пелети |
| **Училиштето работи во смени** | Две смени |
| **Број на паралелки** | 6 |
| **Број на комбинирани паралелки** | 2 |
| **Јазик на кој се реализира наставата** | Македонски јазик |

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Даме Груев“ |
| **ПОУ с.Ногаевци** | |
| **Адреса, општина, место** | 1420 Општина Градско |
| **Телефон** | +38943251-023 |
| **Фах** | +38943251-023 |
| **Име на училиштето** | www.damegruevgradsko.mk |
| **Е-маил** | damegruevgradsko@yahoo.com |
| **Основано од** | Собрание на општина на Титов Велес под број 05-13173/19 од 24.12.1965 год |
| **Верификација- број на актот** | 10-815/3 од 1994 година |
| **Година на изградба** | непозната |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Внатрешна површена на училиштето $m^2$** | 88 $m^2$ |
| **Површина на училшниот двор** | 1270 $m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 800 $m^2$ |
| **Начин на загревање на училиштето** | пелети |
| **Училиштето работи во смени** | не |
| **Број на паралелки** | 1 |
| **Број на комбинирани паралелки** | 1 |
| **Јазик на кој се реализира наставата** | Македонски јазик |

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Даме Груев“ |
| **ПОУ с.Кочилари** | |
| **Адреса, општина, место** | 1420 Општина Градско |
| **Телефон** | +38943251-023 |
| **Фах** | +38943251-023 |
| **Веб-страна** | www.damegruevgradsko.mk |
| **Е-маил** | damegruevgradsko@yahoo.com |
| **Основано од** | Собрание на општина на Титов Велес под број 05-13173/19 од 24.12.1965 год |
| **Верификација- број на актот** | 10-815/3 од 1994 година |
| **Година на изградба** | непозната |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Внатрешна површена на училиштето $m^2$** | 170$m^2$ |
| **Површина на училшниот двор** | 400 $m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 200 $m^2$ |
| **Начин на загревање на училиштето** | пелети |
| **Училиштето работи во смени** | не |
| | |
| **Број на паралелки** | 1 |
| **Број на комбинирани паралелки** | 1 |
| **Јазик на кој се реализира наставата** | Албански јазик |

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Даме Груев“ |
| | |
| **ПОУ с.Водоврати** | |
| **Адреса, општина, место** | 1420 Општина Градско |
| **Телефон** | +38943251-023 |
| **Фах** | +38943251-023 |
| **Веб-страна** | www.damegruevgradsko.mk |
| **Е-маил** | damegruevgradsko@yahoo.com |
| **Основано од** | Собрание на општина на Титов Велес под број 05-13173/19 од 24.12.1965 год |
| **Верификација- број на актот** | 10-815/3 од 1994 година |
| **Година на изградба** | непозната |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Внатрешна површена на училиштето $m^2$** | 50$m^2$ |
| **Површина на училшниот двор** | 150 $m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 50 $m^2$ |
| **Начин на загревање на училиштето** | пелети |
| **Училиштето работи во смени** | не |
| **Број на паралелки** | 1 |
| **Број на комбинирани паралелки** | 1 |
| **Јазик на кој се реализира наставата** | Македонски јазик |

## *1.2 Органи на управување, стручни органии ученичко организирање*

## *1.2 Органи на управување, стручни органии ученичко организирање*


| | |
|---|---|
| Членови на училишен одбор | 1.Ивана Нешкова- претседател (претставник од родителите)<br>2.Александар Коцев–член (претставник од Наставниците)<br>3.Цвета Колева-член (претставник од Наставниците)<br>4.Лидија Каратулкова - член (претставник од Наставниците)<br>5.Цане Будимов –член (претставник од родителите)<br>6.Анита Митреска–член (претставник од родителите)<br>7.Љупка Славева Димовска-член (претставник од основачот) |
| Членови на советот на родители | Татјана Петрушева<br>Дивна Арсова<br>Сања Мирчевска Наумчева<br>Марјана Арсова<br>Габриела Атанасова<br>Ивана Нешкова<br>Јасминка Таскова<br>Анита Илиева<br>Десанка Милошева |

| | |
|---|---|
| | Славе Тасков<br>Цане Будимов<br>Даниела Димитрова<br>Николче Крстев<br>Соња Кавазова<br>**Виничани**<br>Игор Николовски<br>Ристо Велиновски<br>Роберта Стојменова<br>Андријана Цековска<br>**Ногаевци**<br>Даниела Петровска<br>**Водоврати**<br>Амела Фиуљанин<br>**Кочилари**<br>Ариф Хасаметај |
| Стручни активи (видови) | Стручен актив од природната група на предмети<br>Претседател: Тони Тасков<br>Стручен актив од општествено-јазичната група предмети<br>Претседател: Лидија Картулкова<br>Спортско-културно-уметнички актив |


| | |
|---|---|
| | Претседател: Александар Поповски<br>Стручен актив на наставниците од одделенска настава<br>Претседател: Мартина Манева |
| Одделенски совети (број на наставници) | Директор<br>1 педагог<br>1 психолог<br>13 наставници одделенска настава<br>23 наставници предметна настава |
| Членови на училишниот инклузивен тим (име и презиме) | Каролина Кирова -директор Вања<br>Јовановска - педагог<br>Биљана Славева - одделенски наставник<br>Благица Лалкова Стојковска - предметен наставник<br>Марјана Арсова – родител<br>Соња Димова - специјален едукатор и рехабилиотатор |
| Заедница на паралелката (број на ученици) | 301 |
| Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент) | Претседател Викторија Станисављева |
| Ученички првобранител | Александар Пановски |

## 2.Податоци за условите за работата на основното училиште


### *2.1 Мапа на основното училиште*




**ПРВА ЗГРАДА - ПРИЗЕМЈЕ**




**ПРВА ЗГРАДА - СПРАТ**




## ВТОРА ЗГРАДА



## ТРЕТА ЗГРАДА - СУТЕРЕН




# ТРЕТА ЗГРАДА - ПРИЗЕМЈЕ



*СТРУКТУРА НА УЧИЛИШТЕТО*

# УЧИЛИШЕН ДВОР



## *2.2 Податоци за училишниот простор*

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 7 |
| **Број на подрачни училишта** | 4 |
| **Бруто површина** | 1512 $m^2$ |
| **Нето површина** | 1303 $m^2$ |
| **Број на спортски терени** | 5 |
| **Број на катови** | 6 згради- 1кат, 1 зграда 2 ката |
| **Број на училници** | 19 |
| **Број на помошни простории** | 5 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Нафта+пелети |

## *2.3 Простор*

| **Просторија** | **Вкупен број** | **Површина** | **Состојба** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 19 | 647 $m^2$ | 4 | |
| Кабинети | 1 | 48 $m^2$ | 4 | |
| Библиотека | 1 | 24 $m^2$ | 4 | |
| Медијатека | / | / | / | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | 1 | 620$m^2$ | 4 | / |
| Канцеларии | 8 | 142 $m^2$ | 5 | |
| Училишен двор | 5 | 2900 $m^2$ | 5 | |
| Заеднички простор за прослави | / | / | / | / |
| Кујна | 1 | / | 5 | / |
| Трпезарија | / | / | / | / |
| Друго | 1 | 50 $m^2$ | 5 | / |

## *2.4 Опрема и наставни средства согласно „ Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“*

За непречено одвивање на наставата и работата, училиштето располга со соодветни наставни средства и помагала, лектири и соодветна компјутерска опрема. Како и секоја година така и оваа планирано е во текот на учебната 2024/2025 година да се реализира набавка на истите која се предвидува со планот за јавни набавки и со финансовиот план. Средствата ќе ги обезбеди училиштето.

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Музичко образование (оделенска и предметна настава) | Синтисајзер, ЦД плеер, комјутер,<br>Звучници,<br>Блок-флејти,<br>Мелодики,<br><br>Орфови инструменти (удирачки инструменти: дрвени стапчиња, металофони,кастанети, чинели, триангли) | Учебници за VI - IX одд.<br>Појаки звучници<br>Хамери,<br>Дуплофан,<br>Маркери во боја,<br>Креди во боја |
| Историја | Историски карти и атласи | |
| Географија и општество | Географски карти, глобуси, компас | Потребни се повеќе глобуси и атласи |
| Информатика, (оделенска и предметна настава) | Интерактивни табли | |
| Сите предмети (оделенска и предметна настава) | ЛЦД проектори, касетофони, звучници | |
| Физика | Модел на динамо, Модел на соларен погон, Динамометри, Тридимензионален модел за магнетни сили, Модел за демонстрација на втор Њутнов закон, Перископ, Магнети, Унимер, Модел на земјина револуција и ротација, Уред за ширење на телата при загревање | Збирка по физика од Оливер Зајков најновото издание за 8 и 9 одд., Збирка по физика од Аида за 8 и 9 одделение,држач за батерии за струјно коло и батерии |

| | | |
|---|---|---|
| Информатика | Компјутери, лап топ,таблети монитори, тастатури и глувчиња | |
| Математика (одделенска и предметна настава) | Шестари, триаголници, лењири, агломери, моделина 2Д и 3Д геометриски тела, модел на дропки, танграми | |
| Билогија и природни науки | Модел-труп на човек, електронски микроскопи ,епрувети, пипети и колба, ваги за мерење тежина и течности, епрувети, ерленмаери,одделителни инки, филтерна хартија и стаклени чаши, модели на срце, модел на бел дроб, модели на уво, модел на бубрези, модели на срце, модели на кожа, аванчиња со толчник..... | Метален држач за бирета (2), Универзална лакмусова хартија, Модел на Сончев систем ,прирачници за вежби по природни науки,збирка задачи по биологија за 7,8 и 9 одд од Арс Ламина |
| Техничко образование (одделенска и предметна настава) | Клешти, чекани, пиштол за силикон, штрафцигери, струјно коло, модел на ветерница, турпија ситна и крупна | |
| Физичко и здраствено образование (одделенска и предметна настава) | Обрачи, јажиња, часовник, баскети, топки за ракомет, фудбал и одбојка, отскочна даска, јарец, душеци, ниска греда, пикадо, друштвени игри, куглана, багминтон, табла за пинг понг, душеци | Потребни се ниски кошеви и мали голови, мали детски топки, топчиња за тенис, ниски чуневи, високи конуси, скала за координација, ниски греди за прескокнување и душеци |

### *2.5 Податоци за училишната библиотека*

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| **1.** | Лектирни изданија | 1228 |
| **2.** | Стручна литература | 435 |
| **3.** | Белетристика | 1768 |

# 3. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## *3.1 Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа*

| Ред бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Лидија Гајдова Трајановска | 1965 | дипл.музички теор.-педагог | ВСС | наст.по музичко образ. | Не | 35 |
| 2 | Мара Аризанова | 1970 | проф.по одделенска настава | ВСС | одд.наставник | Не | 30 |
| 3 | Билјана Славева | 1971 | проф.по одделенска настава | ВСС | одд.наставник | Не | 31 |
| 4 | Маја Ефтимова | 1973 | проф.по одделенска настава | ВСС | одд.наставник | Не | 29 |
| 5 | Наташа Коцева Атанасова | 1978 | дипл.проф.по физичка култура | ВСС | наст.по физичко образ. | Не | 18 |
| 6 | Сашко Арсовски | 1980 | дипл.ликовен педагог | ВСС | наст.по ликовно образ. | Не | 18 |
| 7 | Оливера Стојановска | 1974 | проф.специјал.по методика на настав. по религиско образование | ВСС | наст.по етика во религиите | Не | 16 |
| 8 | Трајана Дукова | 1971 | проф.по одделенска настава | ВСС | одд.наставник | Не | 20 |
| 9 | Елизабета Камчева | 1986 | проф.по англиски јазик и книжевност | ВСС | наст.по англиски јазик | Не | 12 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **10** | Лидија Каратулкова | 1972 | проф.по македонски јазик | ВСС | наст.по македонски јазик | Не | 12 |
| **11** | Вања Јовановска | 1988 | дипл.педагог | ВСС | педагог | Не | 15 |
| **12** | Цвета Колева | 1978 | дипл.проф.по математика-физика | ВСС | наст.по физика-природни науки | Не | 12 |
| **13** | Ели Неделковска | 1985 | дипл.проф.по биологија | ВСС | нас.по природни науки | Не | 9 |
| **14** | Маја Милосављевиќ | 1984 | проф.по одделенска настава | ВСС | одд.наставник | Не | 7 |
| **16** | Адис Сијамиќ | 1995 | проф.по македонски јазик | ВСС | наст.по македонски јазик | Не | 7 |
| **16** | Александар Коцев | 1993 | проф.по македонски јазик | ВСС | наст.по македонски јазик | Не | 4 |
| **17** | Александар Поповски | 1983 | дипл.проф.по физичка култура | ВСС | наст.по физичко образ. | Не | 4 |
| **18** | Тодорка Талеска | 1976 | дипл.проф.по историја | ВСС | наст.по историја | не | 4 |
| **19** | Зоран Јаневски | 1978 | дипл.проф.по историја | ВСС | наст.по историја | Не | 6 |
| **20** | Наташа Илиќ | 1991 | наст.по одделенска настава | ВСС | одд.наставник | Не | 6 |
| **21** | Сара Стојкова | 1997 | Дипл.психолог | ВСС | Психолог | Не | 4 |
| **22** | Фани Антониевска | 1994 | проф.по англиски јазик и книжевност | ВСС | наст.по англиски јазик | Не | 4 |
| **23** | Соња Коруновска | 1983 | наст.по одделенска настава | ВСС | одд.наставник | Не | 4 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **24** | Весна Иванова | 1987 | наст.по одделенска настава | ВСС | одд.наставник | Не | 5 |
| **25** | Мартина Манева | 1999 | наст.по одделенска настава | ВСС | одд.наставник | Не | 3 |
| **26** | Тони Тасков | 1990 | ССС | ССС | наст.по Биологија-Хемија | Не | 7 |
| **27** | Симона Арсова | 2002 | ССС | ССС | одд.наставник | Не | 2 |
| **28** | Бајрам Мустафов | 1987 | ССС | ССС | Одд.наставник на албански наставен јазик | Не | 2 |
| **29** | Сања Коцева | 2000 | ССС | ССС | Одд.наставник | Не | 2 |
| **30** | Златко Блажевски | 1984 | дипл.проф.по физичка култура | ВСС | наст.по физичко образ | Не | 15 |
| **31** | Ленче Стојанова | 1972 | дипл.проф.по математика | ВСС | наст.по математика | Не | 22 |
| **32** | Елена Лазаровска | 1989 | Дипл.проф.по англиски јазик | ВСС | Наст.по англиски јазик | Не | 11 |
| **33** | Иле Јорданов | 1972 | Дипл.проф.по географија | ВСС | Наст.по географија | Не | 5 |
| **34** | Петар Панов | 1996 | Технички факултет | ВСС | Наст.по техничко образование и информатика | Не | 6 |
| **35** | Иле Петревски | 2000 | Машински факултет | ВСС | Наст.по математика | Не | 9 |
| **36** | Благица Стојковска | 1984 | Дипл.проф.по француски јазик | ВСС | Наст.по француски јазик | Не | 13 |
| **37** | Изабела Переска | 2003 | ССС | ССС | Одд.наставник | Не | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **38** | Благица Делова | 1998 | Дипл.проф,по англиски јазик | ВСС | Наст.по англиски јазик | Не | 9 |

## *Податоци за раководните лица*

| Ред бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/советни к | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Каролина Кирова | 1977 | дипл.проф.по хемија и биологија | ВСС | директор | Не | 17 |

## *Податоци за вработените административни службеници*

| Ред бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образовани е | Работно место | Ментор/советни к | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тони Калајџиев | 1971 | Дипл.економист | ВСС | секретар | Не | 30 |

## *Податоци за вработените помошно-технички лица*

| Ред бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Златко Рибарски | 1970 | ССС-ветеринарен техничар | ССС | Котлар-парноложач | | 33 |
| 2 | Ганимета Гаши | 1978 | Основно образование | Основно | Хигиеничар | | 24 |
| 3 | Иле Малчев | 1963 | Основно образование | Основно | Хигиеничар | | 20 |
| 4 | Менка Левкова | 1968 | Основно образование | Основно | Хигиеничар | | 22 |
| 5 | Горан Трипчев | 1983 | ВКВ-машино бравар | ССС | Хаус-мајстор | | 5 |
| 6 | Лилјана Панова | 1974 | ССС-економска | ССС | Хигиеничар | | 21 |
| 7 | Мирсад Фиуљанин | 1968 | ССС-економска | ССС | Хигиеничар | | 13 |
| 8 | Павлинка Димова | 1970 | Основно образование | Основно | Хигиеничар | | 9 |
| 9 | Зоран Јорданов | 1965 | ССС | ССС | Хигиеничар | | 7 |
| 10 | Каролина Петровска | 1977 | Основно образоание | Основно | Хигиенилар | | 3 |

## *Податоци за ангажираните образовни медијатори*

| Ред бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Години на стаж | Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | / | / | / | / | / | / |

## *Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар*

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработени | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 50 | 14 | 32 | 1 | 1 | | | | | | | 2 | |
| **Број на наставен кадар** | 36 | 9 | 25 | 1 | | | | | | | | 1 | |
| **Број на воспитувачи** | | | | | | | | | | | | | |
| **Број на стручни соработници** | 2 | | 2 | | | | | | | | | | |
| **Административни работници** | 1 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **Помошно-технички кадар** | 10 | 4 | 4 | | 1 | | | | | | | 1 | |
| **Директор** | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| **Помошник директор** | | | | | | | | | | | | | |
| **Образовни медијатори(доколку се ангажирани во училиштето)** | / | | | | | | | | | | | | |

## *Вкупни податоци за степенот на образование на вработените*

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Последипломски студии-втор циклус** | / |
| **Високо образование** | 36 |
| **Виша стручна спрема** | / |
| **Средно образование** | 10 |
| **Основно образование** | 4 |

## *Вкупни податоци за старосната структура на вработените*

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 6 |
| **31-40** | 12 |
| **41-50** | 14 |
| **51-60** | 15 |
| **61-пензија** | 3 |

## *3.10 Податоци за учениците во основното училиште*

| Табеларен приказ на бројната состојба на учениците по пол и национална припадност 2025/2026 | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одделение** | **Бр. на паралелки** | **Бр. на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците при ООУ „Даме Груев“- ООУ Градско** | | | | | | | | | |
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Бошњаци** | |
| | | | **М** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | 1 | **20** | 4 | 7 | / | / | / | / | 3 | 4 | 1 | 1 |
| **II** | 2 | **32** | 8 | 12 | / | / | / | / | 6 | 4 | / | 2 |
| **III** | 2 | **34** | 11 | 7 | / | / | 1 | / | 7 | 6 | 1 | 1 |
| **I - III** | **5** | **86** | **23** | **26** | **0** | **0** | **1** | **0** | **16** | **14** | **2** | **4** |
| **IV** | 1 | **24** | 7 | 9 | / | / | / | / | 2 | 4 | 1 | 1 |
| **V** | 2 | **37** | 10 | 16 | / | / | 1 | / | 5 | 1 | 2 | 2 |
| **VI** | 1 | **29** | 10 | 9 | 1 | / | / | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 |
| **IV - VI** | **4** | **90** | **27** | **34** | **1** | **0** | **1** | **1** | **9** | **8** | **4** | **5** |
| **VII** | 2 | **39** | 14 | 11 | 1 | / | 1 | / | 2 | 2 | 3 | 5 |
| **VIII** | 2 | **24** | 8 | 11 | 1 | / | / | / | 0 | 0 | 1 | 3 |
| **IX** | 1 | **16** | 6 | 5 | / | 1 | / | / | 2 | 0 | 2 | / |
| **VII - IX** | 5 | **79** | **28** | **27** | **2** | **1** | **1** | **0** | **4** | **2** | **6** | **8** |
| **I – IX** | | **255** | **78** | **87** | **3** | **1** | **3** | **1** | **29** | **24** | **12** | **17** |

| Табеларен приказ на бројната состојба на учениците по пол и национална припадност | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | Бр. На паралелки | Бр. На ученици | Етничка и родова структура на ученицитепри ООУ „Даме Груев“- ПУ с. Виничани | | | | | | | | | |
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Бошњаци | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | | 2 | | 1 | | | 1 | | | | | |
| II | | 2 | / | 2 | | | | | | | | / |
| III | | 3 | 2 | / | | | | | / | / | / | 1 |
| I - III | 1 | 7 | 2 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| IV | 1 | 4 | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 | / |
| V | | / | | | | | | | | | | |
| VI | 1 | 4 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| IV - VI | 2 | 8 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| VII | 1 | 4 | 3 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / |
| VIII | 1 | 6 | 2 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| IX | 1 | 7 | 5 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VII - IX | 3 | 17 | 10 | 5 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| I-IX | | 32 | 15 | 11 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 |

| Табеларен приказ на бројната состојба на учениците по пол и национална припадност | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на ученицитепри ООУ „Даме Груев“- ПОУ с. Ногаевци | | | | | | | | | |
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Бошњаци | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | | 1 | 1 | | | | | | | | | |
| **II** | | **/** | | / | | | | | | | | |
| **III** | | **2** | | 2 | | | | | | | | |
| **IV** | | **1** | / | 1 | | | | | | | | |
| **V** | | **/** | / | / | | | | | | | | |
| **Вкупно** | 1 | **4** | **1** | **3** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

| **Табеларен приказ на бројната состојба на учениците по пол и национална припадност** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одделение** | **Бр. на паралелки** | **Бр. на ученици** | **Етничка и родова структура на ученицитепри ООУ „Даме Груев“- ПУ с. Кочилари** | | | | | | | | | |
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Бошњаци** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | | | | | | | | | | | | |
| **II** | | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **III** | | **2** | | | 1 | / | 1 | / | | | | |
| **IV** | | **2** | | | /. | 2 | | | | | | |
| **V** | | **/** | | | | / | / | | | | | |
| **I-V** | 1 | **4** | **0** | **0** | **1** | **2** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

| **Табеларен приказ на бројната состојба на учениците по пол и национална припадност** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одделение** | **Бр. на паралелки** | **Бр. на ученици** | **Етничка и родова структура на ученицитепри ООУ „Даме Груев“- ПОУ с. Водоврати** | | | | | | | | | |
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Бошњаци** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 |
| **II** | | **3** | | | | | | | | | **1** | **2** |
| **III** | | **/** | | | | | | | | | **/** | **/** |
| **IV** | | **/** | | | | | | | | | / | **/** |
| **V** | | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** |
| **I-V** | **1** | **6** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **5** |

| **Наставен јазик** | **Наставен јазик-македонски** | **Наставен јазик-албански** | **Наставен јазик-турски** | **Наставен јазик-српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | **23** | **1** | **/** | **/** |
| **Број на ученици** | **297** | **4** | **/** | **/** |
| **Број на наставници** | **34** | **1** | **/** | **/** |

| Националност | Вкупно | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| Македонци | 195 | 94 | 101 |
| Албанци | 7 | 4 | 3 |
| Роми | 53 | 29 | 24 |
| Турци | 7 | 6 | 1 |
| Бошњаци | 39 | 14 | 25 |
| Вкупно | 301 | 147 | 154 |

## 4. Материјално-финансиско работење

Материјално-финансиското работење на училиштето се реализира преку сметката за наменски блок-дотации, сметката за самофинансирачки активности и донаторската сметка.

Согласно Законот за основното образование, средствата за финансирање на дејноста основно образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, а преку општините се распределуваат на училиштата на сметката за наменски блок-дотации.

Во рамките на одобрените средства, секоја календарска година, врз основа на историските и проектираните трошоци за реализација на активностите утврдени во Годишната програма за работа и Развојниот план, училиштето изработува Финансиски план, за кој свое мислење даваат Наставничкиот совет и Училишниот одбор. Потоа, Финансискиот план се доставува до основачот – општината, за усвојување.

Со Финансискиот план се обезбедуваат средства за покривање на трошоците за плати и надоместоци на плати, комунални услуги, тековно одржување, реконструкција на спортски игралишта, опремување и реновирање на училиштето, обука и стручно усовршување на наставниот и другиот кадар, набавка на наставни и нагледни средства, информатичка опрема, како и други стоки и услуги неопходни за обезбедување соодветни хигиенско-технички услови и квалитетно и континуирано одвивање на воспитно-образовниот процес.

На сметката за самофинансирачки активности училиштето остварува сопствени приходи по пат на изнајмување термини во спортската сала. Овие средства во целост се користат за тековно одржување, опремување и подобрување на условите во спортската сала.

Средствата на донаторската сметка од програмата Еразмус+ се одобрени од Националната агенција за европски образовни програми и мобилности, за реализација на активности предвидени во проектот. Средствата се користат наменски, согласно одобрениот проектен буџет, договорот за грант и правилата на програмата, за покривање на трошоци поврзани со проектните активности, мобилности, обуки, патувања, сместување, материјали и други оправдани трошоци.

Согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, во книговодствената евиденција се евидентираат сите приходи и расходи настанати во текот на годината. Книговодствената служба изготвува годишна завршна сметка посебно за секоја сметка, која се разгледува од Училишниот одбор и се доставува до основачот – општината, на усвојување.

## 5.Мисија и визија

# Изјава за мисијата

Нашата мисија е да обезбедиме инклузивна, безбедна и поттикнувачка образовна средина во која секој ученик е во центарот на наставниот процес, со еднакви можности за учење, напредување и личен развој. Преку современи наставни методи, дигитални алатки и развој на клучни компетенции, го подготвуваме ученикот за активно учество во општеството, доживотно учење и одговорно граѓанство, почитувајќи ги принципите на демократија, толеранција и одржлив развој.

# Изјава за визијата

Нашата визија е да бидеме современо, квалитетно и препознатливо училиште кое континуирано ги следи и применува образовните реформи, ги негува индивидуалните потенцијали на учениците и создава генерации на самоуверени, критички мислечки, креативни и општествено одговорни личности. Училиште кое ја гради културата на почитување, соработка и иновација, подготвувајќи ги учениците за предизвиците на иднината во локален и глобален контекст.

# 6. „LESSONS LEARNED“-Веќе научено/стекнати искуства

Основна цел на секое училиште е градење на високо квалитетна настава со мотивирани и стручни наставници кои ќе го остваруваат воспитно-образовниот процес и ќе создаваат ученици со трајни знаења, мотивирани да се надградуваат себеси во понатамошниот процес на образование.
Во својата работа училиштето постојано ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години и анализата на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него.Овие искуства придонесуваат за надминување на одредени пропусти во работењето, а воедно се користат за изготвување на годишните програми, како на училиштето, така на сите стручни органи и тела и програмите за работа на наставниците.

**За успешно постигање на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од:**

Организирањето на современа интерактивна настава, следење и оценување на учениците, избор на форми и методи на работа и ИКТ содржини и ИКТ-алатки за работа води кон унапредување и надоградување на наставниот процес и осовременување на наставата.

Искуството на учењето од далечина од минатата учебна година ќе ни помогне да ги надминеме недостатоците, да ги подобриме методите и алатките за далечинско учење.

Соработката со родителите води кон подобар резултат за успехот на учениците;

Успешната работа на психолошко-педагошката служба води кон подобри резултати кај учениците;

Посетата на семинари и советувања од страна на наставниците дава добри резултати во модернизација и усовршување на наставата,

Активното учество на учениците преку Ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител со цел застапување и промовирање на правата на учениците има за цел развивање на демократската клима во училиштето.
Оддржување на стручни активи,увидот на часови од страна на директорот и стручните соработници и дискусијата за добрите и лошите страни на посетените часови за наставниците претставуваше значајна поддршка за успешно вршење на нивната воспитно образовна

работа и унапредување на истата.

Вклученоста и изработката на проекти води кон добри резултати (Еко-училиште, Македонија без отпад, Унапредување нанаставата Еразмус + и др.),

Организирањето на наставата, планирањето и подготовката, следењето и оценувањето на учениците, изборот на форми и методи од страна на наставниците води кон унапредување и надоградување на наставниците,

Уредувањето на кабинети, училишни работилници, игралишта, училишен двор и слично е чекор кон правење на училишната средина на пријатно место за работа, учење и престој,

Водењето (изведувањето) екскурзии, натпревари, настава во природа и друго поттикнува јакнење на духот и телото кај наставниците / учениците,

Изготвувањето на тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците е показател за континуирано следење на постигањата и успехот на учениците,

# 7.Реализација на акциски планови (Подрачје на промени, приоритети и цели)

| Стратешка цел | Планирани активности | Реализирани активности | Време на реализација | Реализатор | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| **Унапредување на воспитно образовниот процес** | **Стратешка цел 1: Унапредување на квалитетот на наставата во училиштето**<br><br>**Развојни цели:**<br>**1.1.** Вклучување на сите ученици во воннаставните активности, без разлика на нивниот пол/род, етничка припадност, способности, социо-економски статус, здравствена состојба или училишен успех.<br>**1.2.** Подобрување на поддршката и работата со учениците со посебни образовни потреби (ПОП).<br>**1.3.** Поттикнување на поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето.<br>**1.4.** Професионален развој и постојано усовршување на наставниот кадар.<br><br>Активното учество во изработка и реализација на проекти, следење на обуки, семинари и предавања придонесува за унапредување на професионалните и стручните | Во текот на учебната 2025/2026 година, училиштето реализираше активности насочени кон унапредување на квалитетот на наставата, зголемување на вклученоста на сите ученици во воннаставните активности, подобрување на поддршката за учениците со ПОП и зајакнување на соработката со родителите.<br><br>Континуирано се работеше и на професионалниот развој на наставниот кадар преку учество во обуки, семинари, предавања, работилници и проектни активности, со цел унапредување на професионалните компетенции и квалитетот на воспитно-образовната работа.<br><br>За сите реализирани активности и постигнати | Септември – 2025<br><br>Август -2026 | Наставен кадар<br><br>Претседатели на Стручни активи<br><br>Тим за инклузија<br><br>Училишен тим (СИТ)<br><br>Ученици | Градење на висококвалитетна настава со мотивирани и стручни наставници кои успешно ќе го реализираат воспитно-образовниот процес.<br><br>Поголема вклученост на родителите во севкупниот живот и работата на училиштето преку тематски работилници, обуки, предавања, дебати, хепенинзи, отворени часови, родителски средби и други активности. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | компетенции на наставниот кадар. Овие активности не само што водат кон подобри резултати во воспитно-образовниот процес, туку истовремено придонесуваат и за лична сатисфакција, што е клучно за обезбедување на висококвалитетна настава и работа во училиштето. | резултати постојат соодветни извештаи, записи, фотографии и други прилози, кои се содржани во **Извештајот за програмски прилози**. | | | |
| **Ресурси** | **Стратешка цел 2: Подобрување на условите за работа во училиштето**<br><br>**Развојна цел 2.1: Подобрување на инфраструктурата во училиштето** – Со реновирање и унапредување на училишниот простор се создава подобра и побезбедна средина за учениците и наставниците.<br><br>**Развојна цел 2.2: Подобрување на хигиената во училиштето** – Подигнувањето на хигиенските стандарди придонесува за здравствена заштита и пријатна атмосфера за работа и учење.<br><br>**Развојна цел 2.3: Осовременување на наставата** – Со воведување на современи наставни средства и дигитални технологии се зголемува квалитетот и ефикасноста на наставниот процес. | Во текот на учебната 2025/2026 година се реализираа активности насочени кон подобрување на условите за работа и учење, унапредување на училишната инфраструктура и хигиенските услови, како и осовременување на наставата преку примена на современи наставни средства и дигитални технологии. | Септември-Август 2025-2026 | ООУ„ Даме Груев“ | Очекуваните резултати се изразуваат во создавање побезбедни, почисти и подобри услови за работа и учење преку унапредување на училишната инфраструктура и хигиената. Дополнително, се очекува осовременување на наставниот процес преку примена на современи наставни средства и дигитални технологии, со што ќе се придонесе кон поквалитетна, поефикасна и поинтересна настава. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подобрување на постигањата на учениците** | **Подобрување на постигањата на учениците**:<br><br>**Развојна цел 3.1: Зголемување на мотивираноста на учениците за учење** - Преку примена на интерактивни и интересни наставни пристапи се поттикнува љубопитноста и внатрешната мотивација на учениците за учење.<br><br>**Развојна цел 3.2: Подобрување на методите и формите на оценување** - Со примена на објективни, разнолики и развојно ориентирани методи на оценување се овозможува попрецизно следење и поддршка на ученичкиот напредок.<br><br>**Развојна цел 3.3: Подобрување на начинот на планирање и реализација на наставата** – Со квалитетно и флексибилно планирање, наставата станува поефикасна, прилагодена на потребите на учениците и насочена кон подобри резултати. | • Организација на работилници за мотивација и личен развој на учениците.<br>• Спроведување на наградни и поттикнувачки програми (пофалници, признанија, ученик на месец).<br>• Вклучување на учениците во училишни проекти, натпревари и воннаставни активности.<br>• Организирање средби со успешни личности/поранешни ученици за инспирација.<br><br>• Обуки и работилници за наставниците за современи методи на оценување.<br>• Воведување формативно оценување и редовно користење на повратна информација.<br>• Имплементација на самооценување и врсничко оценување на часовите.<br>• Изработка и користење на рубрики и јасни критериуми за оценување.<br><br>• Подготовка на наставни подготовки со акцент на активни методи (групна работа, проекти, дебати).<br>• Интегрирање на ИКТ алатки (дигитални презентации, квизови, интерактивни апликации).<br>• Тимска соработка меѓу наставниците при | Септември-Август 2025-2026 | | Зголемена мотивација, активност и самодоверба кај учениците, како и поголема вклученост во училишните активности, проекти, натпревари и воннаставни активности.<br>Унапредување на процесот на оценување преку примена на формативно, самооценување и врсничко оценување, со јасни критериуми и навремена повратна информација.<br>Подобрување на планирањето и реализацијата на наставата преку примена на активни методи, ИКТ алатки, тимска работа и размена на добри практики меѓу наставниците. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | планирањето на наставата.<br>• Организација на отворени часови за размена на добри практики. | | | |

# 8.Програма и организација на работата во училиштето

Првото полугодие започна на 01.09.2025 година и траеше до 31.12.2025 година

Наставата се изведува според Календарот за работа за учебната 2025/2026 година и реализирани се вкупно 180 наставни денови .

Реализацијата на Годишната програма во текот на првото полугодие се одвиваше континуирано.

Планираните часови од **задолжителната, изборната , дополнителна и додатна настава** се реализирани а со тоа ѝ планираните наставни содржини по сите предмети  во сите одделенија.

Наставниците ги изработија и навремено ги доставија своите годишни и тематски планирања во согласност со Наставниот план и програма од Бирото за развој на образование. Навремено се изготвени Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година и распоредите по сите планирани наставни и воннаставни подрачја.

До крајот на учебната 2025-2026 година во основното училиште ,,Даме Груев,, и неговите подрачни училишта завршија вкупно **301** ученици во 24 паралелки. Наставниот час според измените во Наставниот план трае 40 минути. Наставата во централното основно училиште ,,Даме Груев”  се одвива во две смени и тоа:

Учениците од прво одделение следат настава во посебна зграда, и наставата се одвива во **две смени**.

Првата смена започнува со настава од 7.30 до 12.50 ( во ПУ с. Виничани 7.30 до 12.50 ) и ја посетуваат учениците од VI – IX одделение.
Втората смена започнува од 13:00 до 18.20 и ја посетуваат учениците од I - IV одделение.

**Во ПУ с.Ногаевци** завршија 4 ученици од 1 до 4 одделение, и наставата започнуваше од 07.30 часот.

**Во ПУ с.Водоврати** завршија 6 ученици од 1 до 5 одделение, наставата започнуваше од 07.30 часот.

**Во ПУс.Кочилари** завршија 4 ученици од 1 до 4 одделение, и наставата започнуваше од 07.30 часот

Часот се реализира во времетраење од 40 минути со еден голем одмор од 20 минути и мал одмор од 5 минути по секој наставен час.

Беше изготвен Распоред за дежурства на наставниците со цел да се надгледува редот и дисциплината на учениците за време на одморите.

## *8.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште за учебната 2025/26 година*

**ООУ „Даме Груев“ Градско**

**2025-2026 Годишен календар**

| Септември | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | | | | | |

| Октомври | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |

| Ноември | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |
| | | | | | 1 | 2 |
| 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |

| Декември | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |
| | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | 31 | Вкупно полугодие 84 | | | |

| Јануари | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |

| Февруари | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |
| | | | | | | 1 |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | |

| Март | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |
| | | | | | | 1 |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |

| Април | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |
| 30 | 31 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 27 | 28 | 29 | 30 | | | |

| Maj | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |
| | | | | 1 | 2 | 3 |
| 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |

| Јуни | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | | | | |
| | | Вкупно II полугодие | | | | |
| дополнителна настава,<br>поправни и одд.испити | | | | | | |

08.09 (недела)- Ден на независноста/ неработен понеделник 9.9.2025
11.10 (петок) - Ден на Народното востание
23.10 (петок) - Ден на македонската револуционерна борба
08.12 (недела) - Св.Климент Охридски/ неработен понеделник 8.12.2025
31.3. (понеделник) - Рамазан Бајрам ?
6.4 (понеделник) - Велигден, вториот ден на Велигден
1.5 (четврток) - Ден н трудот
25.5 (понеделник)- Св. Кирил и Методиј, ден на сесловенските просветители

За граѓаните од православна вероисповед
19.1 (понеделник) Водици
3.4 (петок) -Велики Петок, петок пред Велигден
29.5 (петок) - Духовден

16.12. - Ден на Општината

23.12 -Патронен празник на Училиштето

Зимски распуст

Еко акции:

21.03. - Ден на еколошката акција

## 8.2 Проширена програма

Од спроведената анкета на почетокот на учебната година, не е констатирана потреба за реализирање на проширена програма**.**

## 8.3 Странски јазици

Учениците започнуваат со изучување на англиски јазик како прв странски јазик во прво одделение и го изучуваат до крајот на основното образование, односно, до деветто одделение, со неделен фонд од 2 односно 3 часа. Од шесто до деветто одделение учениците изучуваат и втор странски јазик со неделен фонд од 2 часа. За изборот на вториот странски јазик одлучуваат родителите на ученици во петто одделение по пат на спроведена анкета за втор странски јазик. Избраниот јазик го изучуваат до крајот на своето основно образование. Во учебната 2024/25 година во нашето училиште како втор странски јазик се изучуваа француски јазик. Бројот на ученици по паралелки во однос на вториот јазик е прикажан во табелата подолу.

| **Странски јазик** | **Број на паралелки** | **Ученици** |
|---|---|---|
| Англиски јазик | 24 | 301 |
| Француски јазик | 11 | 129 |

## 8.4 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

| **Име и презиме на наставници (тандем настава) во прво одделение** |
|---|
| Мара Аризанова-одделенски наставник |
| Александар Поповски-наставник по ФЗО |
| **Градско** |
| **Име и презиме на наставници (тандем настава) во второ одделение** |
| Маја Ефтимова-одделенски наставник |

| Соња Коруновска-одделенски наставник |
|---|
| Александар Поповски-наставник по ФЗО |
| **Име и презиме на наставници (тандем настава) во трето одделение** |
| Стојна Кавазова/Симона Арсова-одделенски наставник |
| Трајана Дукова – одделенски наставник |
| Александар Поповски-наставник по ФЗО |
| **Име и презиме на наставници (тандем настава) во четврто одделение** |
| Билјана Славева- одделенски наставник |
| Александар Поповски-наставник по ФЗО |
| **Име и презиме на наставници (тандем настава) во петто одделение** |

| |
|---|
| Наташа Илиќ – одделенски наставник |
| Весна Иванова – одделенски наставник |
| Александар Поповски-наставник по ФЗО |
| **Виничани** |
| Симона Арсова/Изабела Переска- одделенски наставник |
| Маја Милосављевиќ- одделенски наставник |
| Златко Блажевски-наставник по ФЗО |
| **Ногаевци** |
| Сања Коцева – одделенски наставник |
| Златко Блажевски-наставник по ФЗО |
| Водоврати |
| Мартина Манева/Адис Сијамиќ-одделенски наставник |
| Александар Поповски-наставник по ФЗО |
| Кочилари |
| Бајрам Мустафа - одделенски наставник |
| Златко Блажевски-наставник по ФЗО |

## 8.5 Изборна настава

Учениците од четврто и петто одделение изборни предмети бираа во согласност со насоките од новата Концепција за основно образование и Водичот за слободни изборни предмети во основно образование. Во оваа учебна година учениците од IV одделение одделение ги изучуваа изборните предмети Готвење и Природните убавини на мојата татковина, а додека пак во V одделение Танцување и Учам за моето здравје. Изборните предмети ги реализираат наставниците од четврто и петто одделение.

Во табелата се прикажани изборните предмети кои ги изучуваа учениците од VII до IX одделение.

| Изборна настава | Одделение | Број на паралелки | Годишен фонд на часови | Вкупен број на часови | Реализатори |
|---|---|---|---|---|---|
| Изборен1/Изборен2 | VII Виничани | 1 | 72 | 72 | Александар Коцев |
| Музички жанрови/Прва помош | VIII Градско | 2 | 72 | 144 | Лидија Гајдова |
| Истражување на родниот крај | VIII Виничани | 1 | 72 | 72 | Иле Јорданов |
| Изборен1/Изборен2 | VII Градско | Жените низ историјата/Разрешување на конфликте | 72 | 144 | Тодорка Талевска |
| Нашата татковина | IX Виничани | 1 | 72 | 72 | Тодорка Талевска |
| Нашата татковина | IX Градско | 2 | 72 | 144 | Зоран Јаневски |

## 8.6 Дополнителна настава

Дополнителна настава се организираше за ученици кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето и кои напредуваат побавно, или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети. За дополнителна настава образовните групи се формираа во различни периоди, во зависност од времето кога се појавуваат одредени слабости кај одделни ученици. Оваа настава се организираше со по еден час неделно во текот на целата наставна година, паралелно со редовната настава, после часови за прва смена, односно пред часови за втора смена, во слободно време. Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и затоа се применуваа пред се индивидуалните форми на работа, работа во групи, а поретко се користеше и фронтална работа со учениците од групата.

## 8.7 Додатна настава

Додатна настава се организираше за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваа натпросечни резултати, пројавуваа и се потврдуваа со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Според тоа по својата суштина и функција, додатната настава претставува организирана грижа за надарените ученици и работа со нив. Истата се изведуваше во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, во слободното време на учениците според определени Програмски содржини. Во согласност со кадровските услови се организираше додатна настава за учениците од 2-ро до 9-то одделение, а беше организирана според претходно изготвени програми. Беше изработен распоред за додатната и дополнителната настава. Вклучувањето на учениците во додатната настава се вршеше со систематско следење, испитување и вреднување на учениците, нивните достигања како и постојана контрола за нивните развојни особености и потреби, постигања и заостанувања, предности и слабости и др.

## 8.8 Работа со надарени ученици

Секое дете низ наставата има право да напредува толку колку што му овозможуваат неговите потенцијали. Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и да го мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го поддржи талентираниот ученик. Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем. Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои се насочени кон самостојно учење и користење информации, развивање способност,формирање методи, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија. Как одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба.

## 8.9 Работа со ученици со посебни образовни потреби

За учениците со посебни образовни потреби задолжителните и изборните предмети се реализираа со прилагодените програми според нивните посебни образовни потреби ( ИОП). Во соработка со инклузивниот тим на училиштето, наставниците идентификуваа деца со посебни образовни потреби, и изработија прилагодени програми со помош на образовниот асистент и специјален едукатор и рехабилитатор од ресурсен центар“ Маца Овчарова“, каде беа предвидени и опфатени целите, активностите и времето на реализација на активностите, нивото на постигнување според способноста на ученикот. Исто така наставниците користеа соодветни инструменти за следење на тие ученици.

Инклузивниот тим работеше како и досега според однапред изготвена програма.Членовите на тимот даваатпомош и поддршка на наставниците и родителите и го следеа напредокот на учениците и развиваа соработка со надлежниот специјален едукатор и рехабилитатор Соња Димова од Ресурсен центар ПОУ „Маца Овчарова“ Велес и други надлежни стручни институции.

## 9.Воннаставни активности

Во училиштето се реализираа повеќе видови воннаставни активности кои се

разликуваат според должината на времетраењето и тоа:

**Краткотрајни воннаставни активности** - еднократни работилници и акции во училиштето или во Заедницата каде учениците имаа активно учество со изработка и презентација на свои дела, додека екскурзии и излети се организираа во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците во основните училишта.

### Подолготрајни воннаставни активности - секции/клубови

9.1 Училишни спортски клубови

1. Светски ден без автомобили 22 септември 2025год

2.“Детската недела”, на 7 Октомври 2025год. се организираа низа спортски игри. Учество зедоа учениците од I – IX одд.

3. Ден на општина Градско 16 Декември 2025 год Учество зедоа учениците од I – IX одд. Сите учесници на маратонот добија медал, а оние најдобрите кои ги понесоа првите три места, беа наградени со симболични подароци.

4. Предавање во реализација на Организација на жени "Женско лоби" од Демир Капија, како дел од проектот "Здружени и гласни против насилство врз жените" 06 декември,ја проследија учениците од VI – IX одд.

5. Спортски игри - Вежби за здрав развој и обликување на телото, штафетни игри со учениците од одделенска настава.
на 21 декември 2025 год. По повод патрониот празник на “ООУ Даме Груев” - Градско.

## 9.2 СЕКЦИИ/КЛУБОВИ

Во Училиштето се формираа секции за потребите на учениците кои споделуваат заеднички интерес. Секциите ги водат наставниците кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата се вклучуваат и други наставници, родители и стручната служба. Секциите се поделени во неколку групи и тоа:

секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети (математичка, информатичка, литературна, ликовна);
секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците (фотографија,драма, танцување, готвење, градинарство/хортикултура);

секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање) и

спортско-рекреативни секции (фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пингпонг, планинарење, јога, пилатес, велосипедизам).

# Преглед на Секции и Клубови во учебната 2025/2026 година

| Одговорен наставник | Секции |
|---|---|
| Весна Иванова | Ритмичка секција и Драмска секција |
| Маре Аризанова | Музичко-ритмочка секција |
| Маја Ефтимова | Ликовно - креативна секција |
| Маја Милосављевиќ, | Ликовно-креативна секција |
| Симона Арсова | Ликовно-креативна секција |
| Биљана Славева | Математичка секција |
| Мартина Манева | Ликовно-креативна секција |
| Наташа Илиќ | Ритмичка секција и Драмска секција |
| Соња Коруновска | Ликовно-креативна секција |
| Сања Коцева | Ликовно-креативна секција |
| Трајанка Дукова | Ликовно-креативна секција |
| Стојне Кавазова | Ликовно-креативна секција |
| Лидија Каратулкова | Литературна секција “Убави зборови“ |
| Лидија Каратулкова | Драмска секција “Умни глави“ |
| Александар Коцев | Драмска секција “Умни глави“ |
| Весна Стаменкова Бабунова | Географска секција |
| Зоран Јаневски | Историска секција |
| Тодорка Талевска | Историска секција |
| Ели Неделковска | Млади биолози-еколози секција |
| Лидија Гајдова | Училишен хор и оркестар |

# 9.Акции

## Годишен извештај од реализирани кампањи, активности  и Еко проект во учебната 2025/26 год.

1.Носител на активностите: членови на Еко-одбор и останати ученици и наставници
2.Цел на активноста:
-одбележување на Еколошки денови
-реализирање различни еколошки активности
***I полугодие***

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/26 година, учениците членови на Еко-одборот и останати учесници реализираа низа активности и проекти.

**I.Септември**

| Бр. | Активност | Време на реализација | Одговорен |
|---|---|---|---|
| 1. | Одбележување на почетокот на учебната година и свечен прием на учениците во прво одделение | 01.09.2025 | Директор, ученици I – V одд., одделенски наставници |
| 2. | Одбележување на 8 Септември -Ден на независност и самостојност на Република Северна Македонија | 06.09.2025 | Директор, ученици I-IX одд , одделенски и предметни наставници |
| 3. | Одбележување на 22-ри септември „ Светски ден без автомобили“ | 22.09.2025 | Еко одбор и останати ученици |
| 4 | Европски денови на културно наследство“ Архитектонско наследство-прозорец кон минатото, врата кон иднината“ | 24.09.2025 | Ученици од IV одд, одделенски наставници |
| 5. | Одбележување на Меѓународен ден на јазиците | 27.09.2025 | VII, VIII, IX одд, предметни наставници |
| 6. | Одбележување на Меѓународниот ден на Бошњаците | 29.09.2025 | Директор, одделенски наставник, ученици |

**II.Октомври**

| Бр. | Активност | Време на реализација | Одговорен |
|---|---|---|---|
| 1. | Предавање од Црвен крст-Велес, “Борба со болести од зависност“ | 02.10.2025 | Директор, наставници, ученици- VI-IX одделение |
| 2. | Отварање на детската недела - Презентации за Конвенцијата за правата на децата | 07.10.2025 | Директор, наставници, ученици- I-IX одделение |
| 3. | Литературни работилници - „Детето денес – иднината утре“ | 08.10.2025 | Директор, наставници, ученици- I-IX одделение |
| 4. | Ликовно - креативни работилници- "Почитување на детските права - безбеден чекор кон среќно детство" | 09.10.2025 | Директор, ученици I – V одд., одделенски наставници |
| 5. | Спортски игри „Детето денес – иднината утре“ | 10.10.2025 | Директор, ученици I – V одд., одделенски наставници |
| 6. | Давање на детска заклетва на првачињата за влез во Детската организација и доделување на беџови на првачиња | 10.10.2025 | Директор, ученици I – V одд., одделенски наставници |
| 7. | Одбележување на Ден на оруженото востание на Македонија | 11.10.2025 | Директор, наставници, ученици- I-IX одделение |
| 8. | "Одбележување на Светски ден на јаболкото како дел од кампањата "Здрава храна за детство без мана | 21.10.2025 | Еко одборот ,учениците одделенска и предметна настава |

**III.Ноември**

| Бр. | Активност | Време на реализација | Одговорен |
|---|---|---|---|
| 1. | Хуманитарна акција | 07.11.2025 | Директор, наставници, ученици- I-IX одделение |
| 2. | Посета на Природно-научниот музеј во Скопје | 12.11.2025 | Наставници и ученици од VI, VII и IX одделение |
| 3. | Посета на "Музејот на македонската борба за самостојност" | 12.11.2025 | Наставници и ученици одVIII |
| 4. | Ослободување на Макеедонските градови | 13.11.2025 | Ученици од VII–IX одделение и предметни наставници |
| 5. | Работилница со учениците од предметна настава на тема: Мито, Корупција и Антикорупција | 14.11.2025 | Директор, наставници, ученици VI-IX одделение |
| 6. | Посета на детска претстава “ Љубопитната принцеза “ при домот на културата Крсте Петков Мисирков - Градско | 18.11.2025 | Наставници и ученици од I - V одделение |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Одбележување на Светски ден на децата | 20.11.2025 | Директор, наставници, ученици- I-V одделение |
| 8. | Посета на детски фестивал “Златно славејче” – Скопје | 24.11.2025 | Ученици од II и III одд. , одделенски наставници |
| 9. | Проследување на филмот „Злобната вештерка“ во 3D киното Киноверзум во Штип. | 25.11.2025 | Учениците од IV I V одд и одделенски наставници |
| 10. | Едукативно предавање на темите „Булинг“, „Сајбер насилство“, „Внимателност при користење на социјални мрежи“ и „ТикТок предизвици“. | 27.11.2025 | Директор, наставници и ученици од VI, VII, VIII и IX одделение и полицискиот службеник од МВР Велес |
| 11. | Одбележување на месецот на книгата - учениците имаа активност да ја напишат песната „Без јазик си никој и ништо“ од Видое Подгорец во калиграфија (краснопис) | 29.11.2025 | Ученици II – IXодд. , одделенски наставници, предметни наставници и директор |

**IV. Декември**

| Бр. | Активност | Време на реализација | Одговорен |
|---|---|---|---|
| 1. | Одбележување на ,,3-Декември-Меѓународен ден на лицата со попреченост”, ОУРЦ ,,Маца Овчарова” организираше XXVIII Меѓународна ликовна работилница. | 03.12.2025 | Ученици од VIII одд и предметни наставници |
| 2. | Едукативна средба со д-р Жанета Чаушевска, доктор по општа медицина во амбулантата во Градско. Средбата беше реализирана во рамките на наставната содржина „Улогата на лекарот во лекувањето на болестите кај децата“ по предметот Природни науки. | 04.12.2025 | Ученици од III одд и одделенски наставници |
| 3. | Посета на стоматолошката ординација “Д-р Бети Дервишова“ во рамките на наставната програма од изборниот предмет – Учам за моето здравје | 04.12.2025 | Ученици од V одделение и одделенски наставници |
| 4. | Ученици од ООУ „Даме Груев“ присуствуваа на промоцијата на стихозбирката „Новогодишна и божиќна магија“, што се одржа во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ – Велес. | 10.12.2025 | Одделенски наставници и ученици од V одделение |
| 5. | Турнир во шах по повод Денот на општината | 11.12.2025 | Сите ученици од I – IXодд и наставници |
| 6. | Учество на детски мини маратон, базар со рачни изработки на лампиони и изработка на колачи од учениците од 4 одделение (СИП - предмет готвење) од | 12.12.2025 | Ученици I – IXодд. , одделенски наставници, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | страна на учениците по повод Денот на општината | | предметни наставници и директор |
| 7. | Базар на традиционално подготвена храна по повод денот на општината | 16.12.2025 | Одделенска настава Ученици од IVодд |
| 8. | Презентација на тема „Животот и делото на Даме Груев“, со цел потсетување на историското значење и големиот придонес на патронот на нашето училиште. | 17.12.2025 | Ученици од VII–IX одделение и предметни наставници |
| 9. | Во рамките на активностите по повод Патрониот празник, учениците од петто одделение учествуваа во едукативна и забавна еко-игра „Погоди го поимот“, организирана од Еко клубот | 17.12.2025 | Одделенски и предметни наставници и ученици од V одделение |
| 10. | По повод Патрониот празник на училиштето се одржа Литературен ден – Креативна писателска работилница<br><br>„Мојата новогодишна желба“ | 18.12.2025 | Ученици од III - V одделение, директор и одделенски наставници |
| 11. | Спортски игри со ученици од централното училиште и ПОУ с. Виничани Спортски активности и игри во кои учествуваат ученици од различни возрасти, со цел поттикнување на тимска работа, здрав начин на живот и забавна конкуренција. | 20.12.2025 | Ученици I – IXодд. , одделенски наставници, предметни наставници |
| 12. | По повод Денот на нашето училиштето, ученици изработија "Ѕид на благодарноста". | 20.12.2025 | Предметни наставници и ученици од VII - IX одделение |
| 13. | Креативна работилница – Еко клубот<br>.креативната работилница „Новогодишно дрво на различности“, во рамки на МИМО проектот, а по повод чествувањето на Патрониот празник.Работилницата се одржа преку заеднички активности со учениците од нашето партнер училиште ОУ „Страшо Пинѓур“ – с. Соколарци, каде преку креативна работа, дружење и соработка се промовираа различностите, меѓусебното почитување и тимскиот дух. | 22.12.2025 | Ученици I-IX одд, наставници , директо |
| 14. | Свечено одбележување на патрониот празник на училиштето | 23.12.2025 | Ученици I-IX одд, наставници , директор |
| 15. | Презентација на Сликовницата „Сакам силно да ме гушнеш“ од нашата сограѓанка Катерина Димова | 29.12.2025 | Ученици I-V одд, наставници , директор |
| 16. | Новогодишна приредба на I одделение | 30.12.2025 | Ученици I одд, одделенски наставник, директор |

**V.Јануари и Февруари**

| Бр. | Активност | Време на реализација | Одговорен |
|---|---|---|---|
| 1. | Практична работа-Изработка на релјеф на Р.С.Македонија | 29.01.2026 | Ученици од VII до IX одд, предметни наставници |
| 2. | Одбележување на празникот Св.Трифун | 14.02.2026 | Ученици оде I-V одд , одделенски наставници |
| 3. | Креативно пишување на Англиски јазик-Write on!, организиран од Мировниот корпус | 17.02.2026 | Ученици од VII до IX одд, предметни наставници |
| 4. | Посета на фабриката за масло и конзервирање на храна „Благој Ѓорев“-Велес | 26.02.2026 | Ученици од VIII одд, ПУс.Виничани, предметен наставник |

**VI.Март**

| Бр. | Активност | Време на реализација | Одговорен |
|---|---|---|---|
| 1. | Хуманитарна акција | 02.03.2026 | Ученици I – IXодд. , одделенски наставници, предметни наставници, директор, стручна служба, технички персонал |
| 2. | Одбележување на денот на жената 8-ми Март | 08.03.2026 | Ученици оде I-V одд , одделенски наставници |
| 3. | Посета на центар за култура „Ацо Ѓорчев“- Неготино<br>Следење на театарската престава „Заспаната Убавица“ | 18.03.2026 | Ученици оде I-V одд , одделенски наставници |
| 4 | Засадување на дрвца по повод Денот на пролетта | 19.03.2026 | Ученици I – IXодд. , одделенски наставници, предметни наставници, директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Одбележување на Светскиот ден на водата | 22.03.2026 | Еко клубот и останати ученици од I – Iходд, одделенски и предметни наставници |
| 6. | Учество на обука ва рамки на Еразмус+ програма | 26.03.2026 | Директор,секретар, наставници |
| 7. | Посета на спомен куќата на Кочо Рацин - Велес | 26.03.2026 | Ученици од IX , предметни наставници |

**VII.Април**

| Бр. | Активност | Време на реализација | Одговорен |
|---|---|---|---|
| 1. | Одбележување на денот на шегата 1-ви Април | 01.04.2026 | Ученици I – IXодд. , одделенски наставници, предметни наставници, директор, стручна служба |
| 2. | По повод 7-ми Април- Светски ден на здравјето - Учество на натпревар на тема„Соработувај со природата за здравје“ | 06.04.2026 | Ученици од VIII и IXодд. , предметни наставници |
| 3. | Велигденски базар по повод најголемиот христијански празник Велигден | 09.04.2026 | Ученици I – IXодд. , одделенски наставници, предметни наставници, директор, стрична служба |
| 4 | Велигденски работилници | 10.04.2026 | Ученици оде I-V одд , одделенски наставници |
| 5. | Математички хакатон | 17.04.2026 | Ученици од VI и IXодд. , предметни наставници |
| 6. | Едукативно предавање за женско здравје„Always“ | 21.04.2026 | Ученици од V и VI одд, предметни и одд наставници |
| 7. | Одбележување на Денот на планетата Земја | 22.04.2026 | Ученици I – IXодд. , одделенски наставници, предметни наставници |
| 8. | Посета на Саемот на книгата | 24.04.2026 | Ученици од VII, VIII, Iходд |
| 9. | Училишен турнир во пинг-понг | 27.04.2026 | Ученици од VI и IXодд. , предметни наставници |

**VIII.Мај и Јуни**

| Бр. | Активност | Време на реализација | Одговорен |
|---|---|---|---|
| 1. | 8-ми мај – Генералка викенд | 08.05.2026 | Ученици I – IXодд. , одделенски наставници, предметни наставници, директор, стручна служба |
| 2. | Посета на партнер училиштето ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци | 08.05.2026 | Членови на МИО, ученици |
| 3. | Меѓуопштински натпревар ви фустал во рамки на проектот „Плазма спортски игри“ | 11.05.2026 | Ученици од VI и IXодд. , предметни наставници |
| 4 | Спроведување на меѓународна студија HBSC-испитување на однесувањата на децата поврзани со нивното здравје | 19.05.2026 | Ученици од VI и IXодд. , предметни наставници педагог |
| 5. | Одбележување на Св.Кирил и Методиј- Денот на сесловенските просветители | 24.05.2026 | Ученици од I – IXодд, одделенски и предметни наставници |
| 6. | Релизирана тридневна екскурзија - Охрид | 02.06.2026 | Ученици од IX , предметни наставници |
| 7. | Релизирана еднодневна екскурзија – Св.Гаврил Лесновски“- Пробиштип | 02.06.2026 | Ученици од III и VI одд, предметни и одделенски наставници |
| 8. | Излет во Велес- Посета на Спомен-костурница Велес, Спомен куќата на Кочо Рацин, Еко Камп-Велес | 05.06.2026 | Ученици од I,II,IV,V,VII и VIII одд, одделенски и предметни наставници |
| 9. | Завршна приредба на учениците од петто одделение- „Патување низ првите училишни години“ | 09.06.2026 | Ученици од V одд и нивнте одд наставници |
| 10. | Општествено хуманитарна акција | 10.06.2026 | Ученици од VII и предметни наставници |

Во прилог на поголем број активности , објавени се фотографии на Фб –профилот и Веб –страната на училиштето.

Изготвиле: Маја Милосавлевиќ, Соња Коруновска, Наташа Илиќ и Фани Антониевска

.

## 10. Ученичко организирање и учество

За организирано остварување на интересите и правата учениците се организираат во заедници на паралеки кои преку телата на паралелката се организираат во Ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелки.

На состанок одржан на почетокот во учебната година учениците преку тајно и анонимно гласање за претседател на Ученичкиот парламент го избраа ученичката Викторија Станисављева од VIIIa одделение.

За ученички Правобранител учениците од VII до IX одделение преку тајно гласање го избраа ученикот Александар Пановски од IX одделенеие.

Членовите на Ученичкиот парламент активно учествуваа во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, го промовираа ученичкиот активизам, и реализираа други активности.

Ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште,а составен е од претседателите на заедниците на паралелките во едно училиште.

Ученичкиот Парламент претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето. Преку него учениците сами или заедно со наставниците и родителите се договаарат и заземаат ставови за сите прашања што се во врска со нивните животни и работни услови во училиштето.Истиот претставува највисока форма на организирање и дејствување на учениците и ги опфаќа сите ученици од второ до девето одделение.

Во училиштето учениците се организирани во ученички зедници на паралелките и ученички парламент. Секоја ученичка заедница има свое раководство, а нејзината работа. Активностите на ученичкиот парламент се од посебно значење за правилниот воспитно-образовен развој на учениците.

Прилог извештај

## 11.Вонучилишни активности

Во училиштето се реализираа голем број на вонучилишни активности организирани индивидуално или во соработка со други училишта од општината, локални институции и невладини организации.

ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНИТЕ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И НАСТАВА ВО ПРИРОДА ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА (прилог)

Екскурзиите и излетите се реализираа според Програмата за изведување на екскурзии, излети, а во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Екскурзиите и другите слободни активности за сите ученици од исто одделение во училиштето беа организирани истовремено, со иста содржина и активности. Екскурзиите се организираа и изведуваа на места, локалитети и објекти определени со Правилникот.

## 12. Натпревари за учениците

Најдобрите ученици земаа учество на училишни, општински, државни и меѓународни натпревари, на литературни и ликовни конкурси покажувајќи ги своите афинитети и квалитети по сите предмети. Како резултат на тоа училиштето се здоби со признанија, благодарници, дипломи и пофалници од различни области кои претставуваат поттик за продолжување и интензивирање на споменатите активности за афирмација на учениците и училиштето.

# ГОДИШЕН ПРЕГЛЕД НА ОДРЖАНИ НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА
# ООУ „Даме Груев” –Градско

| Ред. бр. | Наставен предмет | Наставник / Ментор | Тип на натпреварот | Дата на одржување | Учесници | Освоено |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Математика | Иле Петровски | Математички Хакато-Од идеја до дигитално решение | 17.4.2026 | -Фалангата на игрите<br>-ТИМ 13<br>-Димензија Х<br>-Генијалците<br>ученици од VI до IX | I место-екипата на ТИМ 13 |
| 2. | Географија | Иле Јорданов | Општински натпревар по географија | 21.2.2026 | Александарв Пановски-IXодд.<br>Стефанија Илиева-VIIодд.<br>Ведран Колев -VIодд | Пласман за регионален |
| 3. | Географија | Иле Јорданов | Регонален натпревар по географија ООУ”Панко Брашнаров”-Велес | 28.3.2026 | Александарв Пановски-IXодд.<br>Стефанија Илиева-VIIодд.<br>Ведран Колев -VIодд | учество |
| 4. | Англиски јазик | Елизабета Камчева | Натпревар по англиски јазик за креативно пишување-Write on! –организиран од Мировниот корпус | 17.2.2026 | ученици од VI- IX | -Мартин Манев-VIIодд.-I место на ниво на држава<br>-Михаела Самандова-VIIIодд.-Пофалница |
| 5. | Англиски јазик | Елизабета Камчева | Прелиминарна рунда на натпреварот ХИПО | 27.3.2026 | Пановски Александар-IX<br>Димитров Димитар-IX<br>Петрушева Сара-IX<br>Самандова Михаела-VIII<br>Петрушевска Миа-VII<br>Стефановска Ана-VII<br>Петрушев Давид-VI | Пофалница |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Англиски јазик | Елена Лазаровска | Прелиминарна рунда на натпреварот ХИПО | 27.3.2026 | Петров Марко-IX<br>Стојков Благојче-IX<br>Трајчева Тамара-VIII<br>(Виничани) | Пофалница |
| 7 | Македонски јазик | Лидија Каратулкова | Општински натпревар<br>“Млади библиотекари”-Велес | 28.4.2026 | Александар Пановски-IXодд.<br>Димитар Димитров-Iходд. | Александар Пановски-<br>I место<br>Димитар Димитров-<br>III место |
| 8 | Македонски јазик | Лидија Каратулкова | Републички натпревар<br>”Млади библиотекари”-Ресен | 15.5.2026 | Александар Пановски-IXодд. | Александар Пановски-<br>V место |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Иновации | Сашко Арсовски | Национален натпревар „Европски квиз на парите 2026“ | 18.3.2026 | - I Тим:<br>Александар Пановски<br>Сара Коцева-IXодд<br>-II Тим:<br>Димитар Димитров<br>Антонио Марков-IXодд. | Сертификат за учество |
| 10 | ФЗО | Наташа Коцева<br>Александар Поповски<br>Златко Блажевски | Шаховски турнир | 11.12.2025 | ученици од VI-IX | -I место-Антонио Марков<br>-II место-Михаил Димитров<br>-III место- Димитар Димитров |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | ФЗО | Наташа Коцева<br>Александар Поповски<br>Златко Блажевски | Општински крос-мини маратонска трка | 12.12.2025 | ученици од I-IX | Од I до IV одд.<br>- I место-Влатко Темелковски<br>- II место- Лука Станисављев<br>-III место -Леон Арсов<br>Од V до IX одд.<br>- I место-Давид Стојменов<br>- II место-Есмир Фиујанин<br>-III место-Алмедин Демири |
| | | | | | | |
| 12 | ФЗО | Наташа Коцева | Училишен турнир во пинг-понг | 27.4.2026 | .ученици од VI-IX | учество |
| 13 | ФЗО | Наташа Коцева<br>Златко Блажевски | Федерација на училишен спорт на Македонија,меѓуопштински спорт во футсал во рамките на проектот”Плазма спортски игри” | 11.5.2026 | ученици од VI-IX | учество |

## 13.Унапредување на мултикултурализмот / интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Во голем дел од постојните наставни планови и програми врз кои се базира работата на училиштето, мултикултурната димензија е присутна и таа дава добра основа за развивање и унапредување на интеркултурната воспитно-образовна практика. Мултикултурните содржини се карактеристични особено за Наставниот план за деветгодишното основно образование, пред сè, во однос на понудените изборни предмети со кои на учениците им се овозможува да ги изучуваат јазикот и културата на повеќето етнички заедници, да се запознаваат со различните религии, како и со одделни аспекти на мултикултурната реалност во земјата. Сепак, понудените предметни содржини се реализираат, главно, само на ниво на стекнување елементарни знаења за другиот, а интересот за изучување на јазиците на етничките заедници останува затворен во рамките на сопствениот етникум. Наставниот план за основното образование ги содржи принципите а мултикултурализмот. Мултикултурното образование може да му помогне на општеството да биде потолерантно, инклузивно и праведно и да препознава дека целото е богато со многу составни делови.

Во нашето училиште континуирано се реализираат МИМО-активности во текот на целата учебна година. Преку планираните активности се промовира мултикултурното учење помеѓу ученици од различни етнички заедници, притоа кај учениците се развиваат вредности за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и традициите.

Преку искуството на заедничките МИМО-активности и интеракцијата, учениците учат да комуницираат и да соработуваат едни со други, да градат меѓусебна доверба и да ги намалуваат предрасудите за другите. Овие МИМО-активности ги реализираме во соработка со други училишта од Општината и при реализација на активностите се вклучениученици од одделенска или предметна настава, во зависност од видот на активноста, како и родители и наставници. (прилог извештај)

# 14.Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти што ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата. Во училиштето се реализират следните проекти:

| ***Име на проектот*** | ***Институции за поддршка и помош*** | ***Име и презиме на наставникот или Стручните соработници*** | ***Временска рамка на реализација*** | ***Средства за реализација на проектот*** | ***Општи цели*** |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓуетничка интеграција во образованието | Поддржан од МЦГО,МОН и УСАИД | Трајана Дукова | Во текот на учебната година | Средствата за реализација на активностите најчесто ги обезбедуваме од грантовите одобрени за реализација на МИМО-проектите. | Едуцирање на ученици За прифаќање на различностите |
| Интеграција на еколошката едукација во основното образование | БРО | Ели Неделковска | Во текот на учебната година | / | Развивање на еколошката свест за зачувување на животната средина |
| Управување со отпад | | Ели Неделковска Маја Милосављевиќ | Во текот на учебната година | Сопствени средства | Развивање на еколошката свест за зачувување на животната средина |
| Еразмус + апликација „Клучна акција КА122“ | Национална агенција | Цвета Колева и тимот | Септември 2025 Септември 2025 | Средствата за реализација на активностите ги обезбедува Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност | Подобрување на јазичните и интеркултурни компетенции, и усовршување на дигиталните компетенции на наставниот кадар за подобрување на воспитно образовнот процес |

# 15.Поддршка на учениците

## *15.1 Постигнување на учениците*

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставни предмети. Стручните соработници изготвуваа анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификациските

периоди, како и споредбени анализи за успехот на учениците. Наставниот кадар и стручната служба водат целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој. Континуирано, стручната служба и наставниците прават анализи за потребите на учениците кои имаат за цел подобрување и унапредување на наставата.

**УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ И ОДДЕЛЕНИЈА**

**За КРАЈ ВО УЧЕБНАТА 2025 / 2026 ГОД**

**Вкупен број на  ученици во централното и подрачните училишта во овој период е 301, од кои 145 се машки и 156 женски.**

*Бројната состојба по одделенија во првото тромесечје  во учебната 2025/26 година е следнава:*

| I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | 37 | 41 | 31 | 38 | 33 | 44 | 29 | 23 | 301 |

***П**остигањата на учениците во првиот воспитно- образовен период се оценети описно. Односно во првиот период I- III се вкупно 103  ученици, од кои **47** се машки а **56** се женски . Оценети се 103 ученици.Од нив со високо ниво се оценети 60 ученици, со средно ниво 20 ученици, со ниско ниво 23  ученици.*

| | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Високо ниво | 16 | 22 | 22 | 60 |
| Средно ниво | 3 | 8 | 9 | 20 |
| Ниско ниво | 6 | 7 | 10 | 23 |
| Неоценети | / | / | / | / |

***Среден успех на ниво на училиште е 4,11***

## Во вториот период IV- VI се вкупно 102 ученици

*од кои се **46** машки и се **56** женски, оценети се 100 ученици. Двајца Ученици 0д петто ќе повторуваат одделение и еден ученик е исклучен заради возрасна граница. Постигањата на учениците по задолжителните и изборните предмети се оценети бројчано.*

*Среден успех на ниво на училиште во третиот класификационен период **4,28***

| Наставен предмет | IV | V | VI | среден успех |
|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,33 | 4,19 | 3,72 | 4,08 |
| Математика | 4,1 | 4,11 | 3,81 | 4,01 |
| Албански јазик | 3,5 | | | 3,50 |
| Англиски јазик | 3,93 | 4,06 | 3,52 | 3,84 |
| ИО(географија) | | | 3,91 | 3,91 |
| ИО(Историја) | | | 3,95 | 3,95 |
| ИО(Граѓанско) | | | 3,93 | 3,93 |
| Природни науки | 4,16 | 3,99 | 3,49 | 3,88 |
| Техничко образование | 4,55 | 4,35 | | 4,45 |
| Историја и општество | 4,16 | 4,2 | | 4,18 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ТО(Техничко образование) | | | 4,27 | 4,27 |
| ТО(Информатика) | | | 4,09 | 4,09 |
| Музичко образование | 4,69 | 4,46 | 3,87 | 4,34 |
| Ликовно образование | 4,76 | 4,48 | 4,4 | 4,55 |
| Физичко и здрав.образование | 4,85 | 4,6 | 4,6 | 4,68 |
| Француски јазик | | | 3,96 | 3,96 |
| Танцување | | 4,64 | | 4,64 |
| Учам за моето здравје | | 4,46 | | 4,46 |
| Убавините на мојата татковина | 4,7 | | | 4,70 |
| Готвење | 4,93 | | | 4,93 |
| Етика на религиите | | | 4,9 | 4,90 |
| Религиозно и културно наследство | | | 4,85 | 4,85 |
| **среден успех** | 4.39 | 4.32 | 4.08 | 4,28 |

# *VII-IX*

*Во третиот воспитно-образовен период се вкупно 96 ученици, од кои 52 машки, а 44 женски. Постигањата на учениците по задолжителните и изборните предмети се оценети бројчано,, Еден ученик од осмо одделение го губи правото на основно, двајца ученици од седмо одделение ќе повторуваат.*

*Учениците за трето тримесечје во учебната 2025/26 година го постигнале следниот среден успех:*


*Среден успех на ниво на училиште во третиот класификационен период* ***4,31***

| Одделение | VII-а Градско | VII-б Градско | VII Виничани | Збирно |
|---|---|---|---|---|
| Среден успех | 3,44 | 4,10 | 4,63 | 4,05 |

| Одделение | VIIIа Градско | VIIIб Градско | VIII Виничани | Збирно |
|---|---|---|---|---|
| Среден успех | 3,55 | 4,63 | 4,83 | 4,23 |

| Одделение | IXа Градско | IX Виничани | Збирно |
|---|---|---|---|
| Среден успех | 3,68 | 4,51 | **4,1** |


Најдобар успех постигнале учениците од 8 Виничани , а најслаб учениците од 7а од Градско.


Среден успех по одделенија
Series1
3.74
3.41
3.81
VII
VIII
IX

**Постигањата на учениците по одделенија, по задолжителните и изборните предмети е следниот:**

***VII одд - 43 ученици - среден успех 4.08***


| Наставен предмет | среден успех |
|---|---|
| Македонски јазик | 3,66 |
| Француски јазик | 3,59 |
| Англиски јазик | 3,73 |
| Математика | 3,61 |
| Ликовно образование | 4.42 |
| Музичко образование | 3,91 |
| Историја | 3,96 |
| Географија | 3,99 |
| Граѓанско образование | 4,17 |
| Физика | 3,46 |
| хемија | 3,63 |
| Биологија | 3,69 |
| Физичко и здрав.образование | 4,59 |
| Техничко образование(информатика | 4,23 |
| Техничко образован(техн. Образ) | 4,44 |
| Разрешување на конфликти | 4,23 |
| Извидништво | 5 |
| Театарот уметност на емоции | 5 |
| Жените низ историјата | 4.23 |
| **среден успех** | 4.08 |




***Најслаб среден успех има по предметот Физика, а најдобар по изборните предмети Извидништво и Театарот уметност на емоции.***

***VIII Одд 29 ученици СРЕДЕН УСПЕХ 4,32***


| Наставен предмет | среден успех |
|---|---|
| Македонски јазик | 3,81 |
| Француски јазик | 3,99 |
| Англиски јазик | 3,91 |
| Математика | 3,87 |
| Ликовно образование | 4,51 |
| Музичко образование | 4,50 |
| Историја | 4,23 |
| Географија | 4.05 |
| Граѓанско образование | 4,46 |
| Физика | 3,8 |
| хемија | 4,21 |
| Биологија | 4,12 |
| Физичко и здрав.образование | 4,69 |
| Прва помош | 4,84 |
| Готвење | 5,00 |
| Истражување преку виртуелно патување | 5 |
| Музички жанрови | 4,44 |
| **среден успех** | 4,32 |




***Најслаб среден успех има по предметот  Физика а најдобар по  изборните  Готвење Истражување преку виртуелно патување.***

***IX Одд - 23 ученици - СРЕДЕН УСПЕХ 4,10***

| Наставен предмет | среден успех |
|---|---|
| Македонски јазик | 4,06 |
| Француски јазик | 3,78 |
| Англиски јазик | 4,15 |
| Математика | 4,02 |
| Ликовно образование | 4,48 |
| Музичко образование | 4,23 |
| Историја | 4,01 |
| Географија | 3,8 |
| Граѓанско образование | 4,25 |
| Физика | 3,43 |
| хемија | 3,75 |
| Биологија | 3,9 |
| Иновации | 4,55 |
| Физичко и здрав.образование | 4,65 |
| Нашата татковина | 4,45 |
| **среден успех** | 4,10 |




***Најслаб среден успех има по предметот Физика, а најдобар по Физичко и здравствено образование.***

***ВО ТРЕТИОТ ВОСПИТНО ОБРАЗОВЕН ПЕРИОД ОД 7 ДО 9 ОДД СРЕДНИОТ УСПЕХ Е 4,31***

***Преглед на средниот успех по задолжителните и изборните предмети од 7-9 одделение за КРАЈ во учебната 2025-2026***

***VII – IX ОДД 96 УЧЕНИЦИ СРЕДЕН УСПЕХ 4,31***

| Наставен предмет | VII | VIII | IX | среден успех |
|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 3,66 | 3,81 | 4,06 | 3,84 |
| Француски јазик | 3,59 | 3,99 | 3,78 | 3,79 |
| Англиски јазик | 3,73 | 3,91 | 4,15 | 3,93 |
| Математика | 3,61 | 3,87 | 4,02 | 3,83 |
| Ликовно образование | 4,42 | 4,51 | 4,48 | 4,47 |
| Музичко образование | 3,91 | 4,50 | 4,23 | 4,21 |
| Техничко образование(Техничко образпвание) | 4,44 | | | 4,44 |
| техничко образование(Информатика) | 4,23 | | | 4,23 |
| Историја | 3,96 | 4,23 | 4,01 | 4,07 |
| Географија | 3,99 | 4,05 | 3,8 | 3,95 |
| Граѓанско образование | 4,17 | 4,46 | 4,25 | 4,29 |
| Физика | 3,46 | 3,8 | 3,43 | 3,56 |
| хемија | 3,63 | 4,21 | 3,75 | 3,86 |
| Биологија | 3,69 | 4,12 | 3,9 | 3,90 |
| Иновации | | | 4,55 | 4,55 |
| Физичко и здрав.образование | 4,59 | 4,69 | 4,65 | 4,64 |
| Нашата татковина | | | 4,45 | 4,45 |
| Театарот, уметност на емоции | 5 | | | 5,00 |
| Извидништво | 5 | | | 5,00 |
| Готвење | | 5 | | 5,00 |
| Истражување преку виртуелно патување | | 5 | | 5,00 |
| Прва помош | | 4,84 | | 4,84 |
| Музички жанрови | | 4,44 | | 4,44 |
| Жените низ историјата | 4,23 | | | 4,23 |
| Разрешување на конфликти | 4,23 | | | 4,23 |
| **среден успех** | 4.08 | 4.32 | 4.10 | 4,31 |

***Успех на учениците од 7 одделение***

| | Одлични | Многу добри | Добри | Доволни | Со слаби |
|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 11 | 4 | 5 | 4 | / |
| Женски | 9 | 4 | 4 | / | / |
| Вкупно | 20 | 8 | 9 | 4 | / |

***Успех на учениците од 8 одделение***

| | Одлични | Многу добри | Добри | Доволни | Со слаби |
|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 5 | 4 | 1 | | |
| Женски | 10 | 5 | 2 | 1 | |
| Вкупно | 15 | 9 | 3 | 1 | |

***Успех на учениците од 9 одделение***

| | Одлични | Многу добри | Добри | Доволни | Со слаби |
|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 6 | 4 | 2 | 3 | |
| Женски | 4 | 2 | 1 | 1 | |
| Вкупно | 10 | 6 | 3 | 4 | |

## Изостаноци на КРАЈ 2025-2026

| Изостаноци | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| оправдани | 321 | 259 | 348 | 250 | 822 | 27 | 151 | 48 | 112 | **2338** |
| неоправдани | / | / | / | / | 5 | 5 | 37 | 23 | 39 | **109** |
| вкупно | 321 | 259 | 348 | 250 | 827 | 32 | 188 | 64 | 151 | **2447** |

**Испишани ученици поради наполнети 16 години и звршување на правото на основно образование**

**8а Стефан Митков**

**6а Нермин Мемиши**

**Ученици што поторуваат**

**5а Јасмин Демири**

**5б Бајрам Мемиши**

**6б Кенан Мемиши**

**7б Иљас Реџепов**

**7а Алемдина Демири**

## 15.2 Професионална ориентација на учениците

Професионалната ориентација на учениците е да им се помогне на учениците да се одлучат да го продолжат своето образование и да се насочат кон занимања кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички особини и способности и во кои ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост. Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите имаат важна улога затоа што ќе земаат учество на разновидни презентации за запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.

Со поддршка на одделенските раководители, стручната служба и директорот се организираа: Саем на средните училишта, презентации, посети на средни училишта на отворените денови, штандови за информирање и активности со цел навремено информирање на ученици и родители и нивно поблиско запознавање со критериумите и условите за упис во средните училишта.

## *15.3 Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација*

Учениците учествуваат во разни активности во соработка со МВР. Воедно тимови од МВР за учениците вршат обука за однесување на учениците во сообраќајот. За болестите на зависност одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови реализираат работилници од програмат за Животни вештини, идентификација на учениците кои имаат проблеми со зависност се врши во соработка со стручната служба и се превземаат мерки за нивно надминување. Идентификацијата на учениците кои имаат асоцијално однесување се врши во соработка со стручната служба и потоа се превземаат мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите, известување до педагошката служба во МОН. Стручната служба остварува соработка со Центарот за социјални грижи - Велес, ЈСУ Здравствен дом – Велес.(прилог)

## 16.Оценување

Секој класификационен период се изготвуваат анализи за постигањата на учениците по предмети, за согледување на севкупната состојба и подобрување на успехот на ниво на училиште. За таа цел се користеа тестови на знаења, континуирано внесување на сумативни оценки во одделенските книги, транспарентност во оценувањето, формативно следење и оценување на учениците и објективно изведени сумативни оценки. Во процесот на оценување се користеа дијагностичкото, формативното и сумативното оценување со што истото во континуитет се следи и им помага на учениците во учењето и во реално вреднување на сопствените знаења. Сите наставници користеа различни методи и инструменти за оценување (усни одговори, разговор, презентации, писмени вежби, писмени работи, контролни листови, тестови на знаења, домашни задачи, чек-листи, есеи, реализација на истражувачки активности, практична изведба на научно истражувачки активности и др.) и континуирано го следеа и оценуваа напредокот на учениците. Секој наставник води досие за учениците. При оценувањето училиштето не прави разлика помеѓу учениците по пол, етничка припадност и социјален статус. Учениците и родителите континуирано имаат увид во оценувањето и училиштето има организиран систем за навремено информирање на родителите за постигнувањата на нивните деца.

## 17.Безбедност на училиштето

Училиштето располага со интерен План за заштита и спасување при настанување на елементарни непогоди. Во планот се опфатени ресурсите со кои располага училиштето за заштита и мерките кои би се превземале за избегнување или намалување на несаканите последици во случај на елементарни непогоди:земјотрес,поплава,пожар,невреме,исл. Поставени се ПП апарати на видно место и се обучени наставници и вработени за употреба на истите и истите редовно се сервисираат. Училиштето има План за евакуација истакнат на видно место во училиштето.За вработените се организираат редовно обуки за безбедност при работа и вежби и симулации за постапувања во случај на елементарни непогоди.Во училиштето соодветно се означени потенцијално опасните места за учениците и вработените преку видливи ознаки. За одржување на безбедноста во училиштето, ќе продолжи да функционира физичкото обезбедување и поставениот видео надзор, а во ходниците ќе се изведува дежурство од страна на наставници.Наставниците дежураат пред почетокот на часовите и за време на големиот одмор. Дежурството на наставниците се изведуваат согласно распоредот за дежурства.

## 18.Грижа за здравјето

Заштита и унапредувањето на здравјето на учениците се остварува со редовни систематски лекарски прегледи, вакцинации, стручни предавања (а кога ќе има потреба ќе се преземаат и други мерки) за што се води евиденција во стручната служба.

Здравјето е најважно од сè, затоа училиштето чувствува одговорност за едуцирање на учениците од областа на здравјето и практично прикажување на здрава и чиста средина настојувајќи да биде пример и поткрепа за целата теорија која им се прикажува на учениците.

Затоа во училиштето се врши редовно одржување на хигиената во училиниците, помошните простории, санитарните јазли,училишниот двор и фискултурната сала.

Редовно и навремено се врши чистење на училишните ходници. Хигиеничарите според утврден распоред вршат контрола на секоја пауза помеѓу часовите и се проверува хигиената во училниците, ходниците и тоалетите во училиштето.

Секој месец се спроведува генерално чистење на целото училиште.

Училиштето има специјализирани канти за селектирање на отпадот. Спроведените Еко-акции значително влијаат на подобрување на хигиената, подигање на еко - свеста кај учениците, формирање хигиенски навики и осознавање за здрава и чиста животна средина.

## 19.Училишна клима

### *19.1 Дисциплина*

Училиштето водејќи сметка за целосната дисциплина во училиштето а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето. За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен Куќен ред кој треба да го почитуваат сите субјекти во училиштето.Се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Дисциплината во училиштето се одржува преку редовно дежурство на наставниците распоредени низ училишната зграда и простории. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки ,пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и Евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците и др.интерни протоколи. Дежурните наставници редовно водат писмена евиденција за тековните збиднувања во наставниот ден и случувања за време на одморите .За дежурствата се бележи соодветна документација за сите збиднувања за време на одморите.

## *19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации. Во училиштето се организираа разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно -образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето се формираа комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за континуирано естетско уредување на просторот во училиштето.Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителитесе води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

Во училиштето се развива одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот амбиент на просторот (училниците ) во кои се поминува голем дел од денот.

Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците се негува позитивниот однос кон работата. Во текот на учебната година одговорните наставници и сите членови вклучени во воспитно-образовниот процес, учествуваа во активностите според програмата дадена од одговорните на тимот Сашко Арсовски, Биљана Славева и Маја Милосављевиќ, а во која се посочени активности за разубавувавање и уредување на училниците, холовите, преку заеднички работилници, изработки според актуелните теми се реализираа.(прилог)

## *19.3 Етички кодекси*

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат. Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат.
Такви се :

- *Куќен ред*
- *Кодекс за однесување наученицитe*
- *Кодекс за однесување нанаставницитe*
- *Кодекс на однесување народителите*
- *Еко кодекс*
- *Правилник за видовите педагошки мерки кај учениците инаставниците*
- *Правилник за видовите на пофалби, награди кај учениците инаставниците*
- *Правилник за оценувањена работата и стручните соработници наставниците и напредување во звања*
- *Правилник за организирање и изведување ученичкиекскурзии*
- *Правилник за водењето, формата и содржината на педагошката евиденција идокументација*
- *Правилник за надоместок на штета направена од учениците врз компјутерите и целата опрема и друг училиштен инвентар*

Во постапката за донесувањето на наведените кодекси и правилници вклучени се и учениците во рамките на активностите на нивните ученички заедници и училишната заедница.

**Други форми на уредување на односите**

Во интерес на одржување на добри односи на училишната средина,се реализираат и следните активности:

- ***Дежурство на ученици во училница***
- ***Дежурства на наставници***

## *19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето*

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него(Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка , вработените во училиштето, како и досега,ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свеченост, посети и сл. Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод: Ден на училиштето , Нова година , на жената ,Ден на шегата, Екскурзии за учениците и наставниците.Оваа учебна година посебно внимание ќе се посвети на прослава на верските празници : Велигден, Курбан Бајрам во рамките на Проектот за меѓуетничка нтеграција во образованието” .

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Континуираното образование, односно усовршувањето на наставникот и стручниот соработник има свое посебно значење бидејќи наставниците и стручните соработници не се само корисници на професионалното знаење кое го произведуваат други, туку и произведувачи на нови знаења одговорни пред новите општествени барања со преземање активности како дел од промените во училиштето, образовниот систем и поширокатa општествена средина. Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар почитувајќи го концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од изработените самоевалвации со извештаи за нив и интегралните увиди.Образовниот кадар редовно присуствува на други понудените обуки, семинари, вебинари и работилници пред се организирани од страна на МОН, БРО, како и од невладини организации и други релевантни институции. Стручната служба води професионално досие за секој наставник.(прилог извештај)

## 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

